# СОВРЕМЕНОСТ

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

2008

Год. 56, број 3 (јуни)

СОВРЕМЕНОСТ
Списание за литература, култура и уметност
Издавач: Современост, Скопје

Редакција
д-р Васил Тоциновски, главен и одговорен уредник
м-р Ранко Младеноски, извршен уредник
Славчо Ковилоски, уредник

Првиот број на Современост излезе во Скопје, април 1951 година.
Досегашни главни и одговорни уредници:

(1951) - Киро Хаџи Василев
(1951 - 1952) - Владо Малески
(1952 - 1953) - Славко Јаневски, Димитар Митрев и Ацо Шопов
(1954 - 1968) - Димитар Митрев
(1969 - 1982) - Георги Сталев
(1983 - 2002) - Александар Алексиев

sovremenost_mk@hotmail.com

## СОДРЖИНА

**КНИЖЕВНИ ДИЈАЛОЗИ**
Георги РАДУЛОВ
АПОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЗМОТ 9
*Разговорот го водеше Васил Тоциновски*

**ТВОРЕЧКА ЛАБОРАТОРИЈА**
*100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА КОЧО РАЦИН*

Петре БАКЕВСКИ
НА ЛОПУШНИК ДУВА ВЕТАР, ДУВА ВЕТАР 14

Христо ПЕТРЕСКИ
РАЗГОВОР СО РАЦИН 17

Панде МАНОЈЛОВ
СЕЧЕЊЕ НА НОЌТА 18

Радован П. ЦВЕТКОВСКИ
ДО КАДЕ НАДОЛУ 18

Ристо ДАВЧЕВСКИ
СЕ РОДИ ПОЕТ 19

Имер ИСЕНОВСКИ
ДА НЕ БИДЕ 19

Игор КРАЈЧЕВ
ПЕСНА 20

Кире НЕДЕЛКОВСКИ
РАЦИН. НОВИ РАЗМИСЛИ 20

Павлина КЛИМКАР - МЕАНЏИЕВА
БЛАГОДАРНОСТ 21

Димо Н. ДИМЧЕВ
НА РАЗГОВОР СО РАЦИН 23

Демир СУЛЕЈМАН
ЖИВОТОТ Е ПЕПЕРУТКА 25

Добре ТОДОРОВСКИ
ДА БЕШЕ ПОИНАКУ 26

Ванде ГАНЧЕВСКИ
КАКВА ПЕСНА 26

Никола АЛТИЕВ
КНИГА НА СОНЦЕТО 27

Богоја ТАНЕВСКИ
ГОЛЕМА ЛУЗНА НА ЛОПУШНИК 28

Ивица МАКСИМОСКИ
ПЕСНА ЗА РАЦИН 29

Нуртен СУЛЕЈМАН
НОЌНИ ГРАДИНИ 31

Нази САЛИ
ДОЗВОЛИ МИ 32

Хасан АСАН
БОСИЛЕКОТ 32

Имран МАРИНА
ВО ПРЕГРАТКА 32

Јосиф ЛОЗАНОВСКИ
СПОМЕН 32

Мухамед СУЛЕЈМАН
ВЕТО НА ВИСТИНАТА 33

**ИНТЕРПРЕТАЦИИ**

Перо КОРОБАР
РАЦИН Е ИДЕНТИФИКАЦИЈА СО СТРЕМЕЖИТЕ
НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД 34

Горан КАЛОЃЕРА
НАЈПОЗНАТИОТ МАКЕДОНСКИ ПОЕТ ВО ХРВАТСКА 36

Стефан ВЛАХОВ - МИЦОВ
БОГОМИЛСТВОТО – ОБЕДИНУВАЧКА АЛКА МЕЃУ
МАКЕДОНЦИТЕ ОД АНТИКАТА ДО СРЕДНОВЕКОВИЕТО 44

Јусуф СУЛЕЈМАН
КОЧО РАЦИН - СОВРЕМЕНИК НА СЛОБОДНИОТ ЧОВЕК
ОД НАШИТЕ ПРОСТОРИ 52

Мишо КИТАНОСКИ
ЗАПИС ЗА МИНО МИНОВСКИ 65

**ИСЧЕКОРУВАЊА**

Анета ВАСИЛЕВА
ИЗЛЕЗ ОД БЕЗИЗЛЕЗНОСТА 69

Оливера МАРКОСКА
ДОМ-ИДЕНТИТЕТ КАЈ ФРАНЦ КАФКА - ТАЖНА
БЕСПОМОШНОСТ ВО ЕДЕН ДОМ 72

**ПРИОПШТУВАЊА**

Страници за списанието „Освит", Мостар, Босна и Херцеговина
Вјекослав БОБАН
ВО ОБЛАКОТ 80

Миро ПЕТРОВИЌ
ДВЕ ИЛЈАДИ ГОДИНИ 83

Жељко ИВАНКОВИЌ
КРАЈОТ НА ВЕКОТ 85

Антун ЛУЧИЌ
СО РАЃАЊЕТО 87

Перо ПАВЛОВИЌ
НЕБОТО НА ПЕСНАТА 90

Фабијан ЛОВРИЌ
ПАТ 94

Миленко СТОИЌ
ЗА КАФЕ 97

Анто ЗИРДУМ
СОН ОД 10 МИЛИОНИ МАРКИ 101

**КРИТИЧКИ ПРЕГЛЕД**

Васил ТОЦИНОВСКИ
КЛАСИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ 20 КНИЖЕВЕН ВЕК 104

Венко АНДОНОВСКИ
РОМАН ЗА ПОБЕДАТА НА ЕСТ(ЕТИКАТА) 112

Науме РАДИЧЕСКИ
РОМАН ПО РОМАНОТ 117

Иван ЧАПОВСКИ
БАРУТНА РАМКА ЗА МАКЕДОНСКАТА ИТАКА 121

Никола АЛТИЕВ
КОРЕН СО ВЕЧНОСТ МИРОСАН 126

Борис АПОСТОЛОВ
СТУТКАНИ СОНИШТА 131

Славчо КОВИЛОСКИ
ЛЕТАМ ВИСОКО И УБАВО ГЛЕДАМ 135

Иван ЧАПОВСКИ
ВРСКА НА ПОЕЗИЈАТА СО НЕБЕСКАТА СВЕТОСТ 138

Славчо КОВИЛОСКИ
ВРЕМЕТО 141

Радован П. ЦВЕТКОВСКИ
СУДБИНАТА И ВО НЕА ВИСТИНАТА ЗА ЕДНО ДЕТЕ
КАКО ОФОРМЕНА РОМАНЕСКНА ПРИКАЗНА 144

Горјан ПЕТРЕВСКИ
РОМАН НА КАРАКТЕРНИ НИЈАНСИ 153

**ХРОНИКА** 157

ISSN 1024-6150

# OSVIT

**POGLEDI**
Fabijan LOVRIĆ, Mladen UREM,
Lea LAZZARICH

**PJESNIŠTVO**
Vjekoslav BOBAN, Marinko NIKOLIĆ,
Žarko MARIJANOVIĆ,
Mila VLAŠIĆ GVOZDIĆ,
Miroslav S. MAĐER

**PROZA**
Jadranka BRIGLJEVIĆ,
Anton T. CELIN, Josip LAĆA,
Svjetlana LUGAR, Žarko MILENIĆ

**PRIJEVODI**
Tom CLARK, Clark COOLIDGE,
Ruth DANON, Theodore ENSLIN,
Norman FINKELSTEIN,
Benjamin FRIEDLANDER,
Louise GLÜCK, Donald HALL,
Fanny HOWE, Maxine KUMIN,
Marek, HASKO, Leonid TALALAJ

**DJEČJA KNJIŽEVNOST**
Iva NUIĆ

**PROMIŠLJANJA**
Fabijan LOVRIĆ, Ante MATIĆ,
Dragan ŠIMOVIĆ,
Đuro VIDMAROVIĆ, Ivana KREŠIĆ,
Božidar PROSENJAK

**SPOMEN'MO SE PRIJATELJA**
Ancila Marija BUBALO,
Jure JURKOVIĆ, Vladimir PAVLOVIĆ

3–4
Mostar, 2006.

821.163.4-32

*Миленко СТОИЌ*

# ЗА КАФЕ

Дојде рано тоа утро. Градот се будеше од сон. Возилата итаа на сите страни носејќи недорасонети лица. Работничката класа сè уште не се разбудила, му светна во главата. Очигледно, поимите од минатите времиња и натаму тропаат во неговата глава. Иронично се насмеа. Која е разликата денес? Ако имаше разлика, тој сега не би бил овде и не би мрморел за оние што поминуваат. Ќе мора набрзина да го заврши тоа што го има за завршување, ако не сака наскоро подобро да се загледа во нив, седнат некаде на кафе. Господе Боже, мора човек да се разбуди, нели? А работата нема да избега. Тешко на нашата држава со ваков ум!

Чекалната беше полупразна. Тоа воопшто не го изненади. Ќе дојдат тие малку подоцна, има многу такви коишто си го решаваат својот статус на бранители. Некои кои немаат доволно нерви, тоа го прават на поинаков начин. Еден куршум во сопствената глава и сè ќе се реши. Па, не е толку тешко да се направи тоа. Ги бидува за пукање и за крв.

Жига беше рануван, но никогаш потешко. Некогаш знаеше да рече дека ја немал таа среќа да остане инвалид. Меѓутоа, во последно време сè помалку зборува за тоа. Дури и најтешките инвалиди беа принудувани да докажуваат дека се навистина такви. Бирократијата, односно некоја чудна политика, си го одработува своето. Не е веќе чесно да се биде бранител. Се преиспитува улогата во војната, се преиспитуваат разните борбени дејствувања, офицерите одат во затвор. Верните слуги на претходниот систем сè повеќе и повеќе ги дигаат главите. Почнуваат да се прават паметни, наместо да молчат и да си ги платат своите стари гревови, односно да му се заблагодарат на Бога за тоа што живи и здрави си ги проживеаја овие воени времиња.

Почувствува дека го мерка бабичката од аголот. Добро е, значи намерата му успеала. Уште оној во канцеларијата да ја загризе мамката и сè ќе биде како што треба.

„А одамна ли почнаа да работат? Нешто нè нема многу", ѝ се обрати на бабичката.

„Сè уште не почнале да работат!", му одговори таа.

„Навистина?".

„Треба да се напијат по едно утринско кафе, да ги ѕирнат весниците и не знам што уште не. Овде ти е исто како и порано".

Добра бабичка. Кој би рекол.

„А дојдени ли се?".

„Па, ним не им се брза! Ќе дојдат, нема да им избега работата! Па, и ако им избега, уште подобро за

нив. Платата си доаѓа, работеле тие или не“.

„Добро. Тогаш ќе чекаме. Нема друго“.

Бабичката молчеше.

Сето ова му ја олесни намерата. Најдобро ќе биде да седне, за да може службеникот да го види веднаш штом ќе влезе внатре. Белки поминува низ оваа чекална, по сè изгледа нема друга врата!? Се намести уште подобро. Најважно е да го забележи неговиот заден џеб на панталоните. Го допре пликот со рака. Одлично, доволно е отскриен. Панталоните се многу бели, тој е син, мора да се гледа. Ништо од него не се загубило, доволно е нафабрен. Ќе му излезат очите.

Повторно забележа дека бабичката се ѕвери во него, односно во пликот. Сега подобро гледа, па сака да го потврди сознанието. Ќе се обидам да разберам за што размислува.

„Белки не сте биле и Вие во војната? Мислам...“.

„Да бев помлада, ќе одев. Преку глава ми е од оние. Син ми беше во војната, па сега средувам за неговата пензија“.

„Па, што не дојде тој?“, праша и веднаш забележа дека тоа некако глупаво излезе од него.

„Што не дојде, што не дојде! Сè му здодеа и си ги скрати маките. Сега јас се обидувам...“.

„Простете, мислев...“, замолчи тој.

Му беше жал за старата. Не сакаше ништо повеќе да ја прашува. Најверојатно тоа ѝ бил син единец, неоженет, можеби млад отишол на фронтот, бил ранет, можеби и потешко од него, или можеби браќата и сестрите се раштркале низ светот, кој ќе ги знае!

Гледаше отсутно низ стаклената врата. Ќе поминеше по некој случаен минувач, а него го интересираше дождот што почна да врне. Отсекогаш го сакал дождот. Некако го смируваше, му довикуваше во свеста дека нема каде и нема зошто да брза, сè е минливо. Но, денес тоа не му успеваше. И натаму го гризеше оној црв на колебливоста дали ја прави вистинската работа! Вистина е дека војувал, вистина е дека беше рануван, но процентите се мали. Според тоа, пензијата може да биде само мала. Нема друг избор, освен да ги напумпа процентите. А тоа најлесно се прави со плик. Во ова општество, таквиот потег сè уште најдобро успева. Пликот ги отвора сите врати! Да беше другата држава, полесно ќе му беше. Нејзе ја лажел и не му било жал за тоа. Па, никогаш и не ја чувствувал како своја. Единствено внимаваше да не му наштети некому лично. Што ќе правиш, животот е таков!

Му се причини дека човекот што се приближуваше би можел да биде службеникот што го чека. Па и да не е, сеедно, белки еднаш и тој ќе дојде. Се фати за грбот и чудно се искриви. На лицето можеше да се види дека има голема болка. Би пуштил и некоја жална воздишка. Бабичката го погледна зачудено. Ѝ читаше во очите: што му бидна одеднаш? Па, пред неколку мига беше здрав. Само нека остане мирна таа.

„Добар ден!", рече човекот што доаѓаше.

„Слушајте, ме стегна, не можам повеќе...", зборуваше Жига со видливо истакнат џеб додека му се приближуваше на потенцијалниот службеник. „Ги донесов сите документи...".

„Добро, добро, влезете", рече тој ѕверејќи се во пликот.

Жига забележа дека бабичката сака да се вмеша. Ѝ намигна, а таа остана со полуотворена уста. Вратата бавно се затвори зад него.

„Дајте ги тие документи, веднаш ќе го средиме тоа за да не се мачите овде".

Службеникот внимателно ги вртеше документите. Жига се исплаши дека сè би можело да пропадне.

„Хм, процентите Ви се мали. Ако ви дадам решение врз основа на нив, тоа нема да Ви се допадне. А Вас навистина ве боли?".

„Боли, немате претстава колку ме прободува. За сè е виновна онаа граната. Полн сум со парчиња од гранатата како шипинките со зрнца".

Да не претера малку!? Му се причини дека и службеникот го споделува неговото мислење.

„Туку, ако може да се поправат тие проценти?".

„Како мислите?", праша тивко службеникот.

„Па, така, малку...", зборуваше Жига вадејќи го пликот од џебот и ставајќи го на масата. Навистина величествено изгледаше.

„А, што е тоа?".

„Ништо посебно, така, да Ви се најде за кафе".

„Ама, не треба ништо, сакам да им помагам на луѓето без никакво возвраќање. Но, Вам процентите навистина ви се мали. Што ќе правиме?".

Жига ги дигна рамениците. Ако сега не помогне пликот, ништо друго нема да помогне. Не сакаше Господа да го меша во сето ова.

Службеникот и натаму ги вртеше листовите од хартијата во рацете. Седна кај компјутерот. Пликот не го гибаше.

„Знаете што, ќе ви напишам добро решение. Очигледно е дека направиле грешка кај вашите проценти. Ќе ги подигнеме на разумно рамниште. Смислив нешто".

Жига одвај чекаше да го здогледа тоа парче хартија во своите раце. Од печатарот почна да излегува еден лист. Еве го, се роди. Службеникот стана, го зеде листот во рацете, го однесе кај бирото, зеде еден печат и силно удри на листот.

„Готово е. Нека Ви е со среќа".

„Благодарам, благодарам, никогаш нема да Ви го заборавам ова".

„Ама ајде, оставете го тоа, веќе Ви реков дека треба да им се помага на луѓето. Па, наши сме, нели?".

„Наши сме, се разбира", се брзаше Жига не сфаќајќи што сакаше точно да каже службеникот. Важно е дека сè се заврши.

Заминувајќи од чекалната, уште еднаш ѝ намигна на бабичката. Повторно ја збуни. Но, како да ѝ објасни? Кај вратата се протегна. Го вкочани ова преправање.

„И ти си ја заврши таа работа", му рече колегата на работа чекајќи го порачаното кафе за гостите.

„Да, ја завршив!“.

„Навистина му ги даде оние две ќесички шеќер во пликот?“.

„Да! Што друго би можел еден келнер да му даде за кафе? Тоа е најдобро, освен ако нема шеќерна болест“.

„Не си нормален!“.

„Нека не сум“.

„Кога ќе дадеш отказ? Не ти треба веќе оваа работа! Ако си добил толкав процент колкав што посакуваше, не треба веќе да доаѓаш овде. Пензијата ќе ти биде поголема од оваа наша бедна платичка“.

„Не мислам да давам отказ!“.

„Како сакаш. Знам дека на човекот секогаш му се малку парите“.

„Не е за тоа. Го искинав решението“.

Сите гости се завртија од звукот на искршените филџани, чаши и шишиња. Иако сето тоа само се слизна од рацете, доволно силно удри во подот.

„Будала човек, луѓе мои!“, мрмореше колегата на Жига собирајќи ги искршените парчиња од подот.

